Никола Камчев * Гордана Камчева

# 60 години Трансфузиона медицина во Штип

# 60 години Организирано и доброволно крводарителство



Штип, 2013

**НИКОЛА КАМЧЕВ * ГОРДАНА КАМЧЕВА**

# 60 ГОДИНИ
## ТРАНСФУЗИОНА МЕДИЦИНА-ШТИП

# 60 ГОДИНИ
## ОРГАНИЗИРАНО И ДОБРОВОЛНО КРВОДАРИТЕЛСТВО
## (1953 - 2012)



**Штип**

***60 ГОДИНИ ТРАНСФУЗИОНА МЕДИЦИНА-ШТИП***
***60 ГОДИНИ ОРГАНИЗИРАНО И ДОБРОВОЛНО КРВОДАРИТЕЛСТВО***
***(1953 - 2012)***


***Автори:***
*Проф. д-р Никола Камчев*
*Асс. д-р Гордана Камчева*

***Издавач:***
*Македонска Асоцијација за историја на медицината(МАИМ)-Штип*

***Рецензенти:***
*Проф. д-р Кирил Цацков*
*М-р сци. Елена Јосимовска*

***Лектура:***
*Проф. Весна Ристова*

***Компјутерска подготовка:***
*Проф. Лидија Камчева Панова*

***Корица:***
***Никола Опашинов***

***Печати:***
***Дигитален печат***
***Лонгуров Доо-Штип***

***Тираж:***
*150 примероци*

***Овој труд го посветуваме на нашата внука Мила Панова***

ИЗВАДОЦИ ОД РЕЦЕНЗИЈАТА

**„60 ГОДИНИ ТРАНСФУЗИОНА МЕДИЦИНА-ШТИП**
**60 ГОДИНИ ОРГАНИЗИРАНО И ДОБРОВОЛНО КРВОДАРИТЕЛСТВО„**
**(1953 - 2012)**
од авторите Никола Камчев и Гордана Камчева

Благодарение на високата професионална компетентност на д-р Никола Камчев, како прв специјалист трансфузиолог и прв доктор на медицински науки во Источниот регион на Република Македонија, кој неколку децении ја водеше и унапредуваше трансфунзиолошката служба и крводарителството, беше собран огромен фактографски материјал што ќе сведочи за едно неповторливо време.

Овој материјал авторите Никола Камчев и Гордана Камчева го презентираат во својот монографскиот труд „ 60 години трансфузиона медицина – Штип, 60 години организирано и доброволно крводарителство“, како прилог во одбележувањето на двата големи јубилеји: 6о години служба за трансфузиона медицина и 60 години организирано и доброволно крводарителство во Штип. На овој начин тие се потрудиле да ги заштитат од заборав сите личности и настани кои се дел од јубилеите. Воедно со овој монографски труд им се одава признание за хуманост на сите крводарители и благодарност на сите здравствени работници кои во изминатите 6 децении ја создавале историјата на оваа служба.

Авторите на оваа Мографија, дале голем придонес за историјата на медицината осврнувајќи се на самите почетоци и прикажувајќи го ретроспективно патот по кој се создавала и унапредувала трансфузиолошката служба во Штип. Во самиот текст се чувствува една невоедначеност на презентираните податоци. Во првиот дел, до доаѓањето на д-р Никола Камчев на чело на службата се чувствува неколку децениска празнина од недостиг на релевантни податоци за извршени медицински услуги, и бројност на крводарители додека пак, во вториот дел изобилуваат точни и прецизни податоци за движењето на крводарителските акции и постигнатите резултати кои Штип го рангираа во четирите најуспешни градови во Македонија и постигнат Европски рекорд по вкупниот број на крводарители од вкупното население на општина Штип. Тоа беше причина на 17 март 1991 год. Општинската организација на Црвен крст-Штип и РЕ трансфузиологија-Штип, да добијат високо Републичко признание кое лично им го врачи првиот преседател на Република Македонија, г-дин Киро Глигоров.

Ние како рецензенти сметаме дека оваа Монографија преставува придонес за историјата и медицинската наука и ќе служи за пример на идните генерации. Од тие причини ја препорачуваме како четиво за помладите професионалци кои ќе се занимаваат со оваа медицинска гранка, на студентите по медицина и останатите љубители на историјата на штипската медицина.

1. проф. д-р Кирил Цацков
2. м-р сци. Елена Јосимовска

**СОДРЖИНА**

Предговор

1. Основни поими за трансфузионата медицина.......................................12

1.1. Транфузионата медицина низ историјата....................................... 18

1.2. Почетоци и развој на првите трансфузиолошки служби

во Република Македонија............................................................... 21

2. Крводарителство............................................................................ 26

2.1. Општествено значење на крводарителството................................ 27

2.2. Краток осврт врз крводарителството во Р. Македонија.................. 29

2.3. Учество на Црвениот крст на РМ во организираното

крводарителство..........................................................................39

2.4. Дарување на крв во РМ низ бројки................................................... 41

3. Профил на општината Штип.................................................................. 45

3.1. Од Станица за трансфузија до Регионален центар за

трансфузиона медицина ................................................................. 54

3.2. Развој на крводарителството во општина Штип.............................. 80

3.3. Придонесот на Општинската организација на Црвениот
крст во реализација на постигнатите резултати
на крводарителството.........................................................................117

3.4. Организации, претпријатија, установи и крводарители – поединци,
кои со своето активно учество во организирањето на
крводарителски акции оставиле белег на времето ...................... 124

4. Користена Литература............................................................................ 131

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

615.38:614.885(497.731)"1953/2012"

КАМЧЕВ, Никола
60 години трансфузиона медицина - Штип : 60 години организирано и доброволно крводарителство - Штип : (1953-2012) / Никола Камчев, Гордана Камчева. - Штип : Македонска асоцијација за историја на медицината (МАИМ), 2013. - 132 стр. : илустр. ; 21 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 130

ISBN 978-9989-2122-0-8
1. Камчева, Гордана [автор]
а) Крводарителство - Штип - 1953-2012
COBISS.MK-ID 94152202

**Предговор**

Повод за излегување на овој труд се двата големи јубилеи: 60 години од формирањето на Трансфузиолошката служба во Штип и 60 години организирано и доброволно крводарување во Штип.

Голем настан, настан за почит. Горд сум што сум дел од овој период и активен учесник во постигнатите резултати. Постигнатите резултати во областа на крводарувањето се гордост и на граѓаните на Општина Штип и Република Македонија.

Се нафативме да пишуваме за крводарителството во овој период, свесни дека се работи за мошне тешка, одговорна и чувствителна работна задача. Мошне тешка затоа што недостасуваат многу релевантни пишани документи за настаните, одлуките и постигнатите резултати. Одговорна затоа што сме свесни дека во недостаток на релевантни податоци постои можност за грешки, заборав за многу настани, имиња и ограничените можности да се обработи еден голем период, со многу значења, настани и датуми, резултати и личности.

Свесни сме дека многу настани, личности и резултати не сме во можност да ги обработиме во овој првичен труд, но се надеваме дека Општинската организација на Црвениот крст и Регионалниот центар за трансфузиона медицина во Штип ќе изнајдат можности да ги овековечат сите, па и оние настани и личности кои не се спомнати во овој труд.

Целта на овој труд беше да ги истакнеме постигнатите резултати во областа на крводарителството во општина Штип за периодот од 1980-2012 година за да не ни се случи периодот од отварањето на трансфузиолошката служба, па се до почетоците на организираното крводарување од 1953-1979 година, за кој период недостасуваат комплетни податоци, трудови и анализи.

Нека овој труд биде само почетен предизвик за пишување на уште по креативни трудови. Предизвик заеднички да ја пишуваме нашата историја, со цел нашите идни генерација да ги знаат сопствените корени и посигнувањата во областа на крводарувањата. Да ја осознаат вистината дека, посигнатите резултати во областа на крводарителството на општина Штип, уште пред осамостојувањето на Република Македонија беа на завидно ниво и по ништо не заостанувааа зад резултатите од најнапредните европски држави. Истите, напротив, претставувааа и нивен предизвик.

За сите настани, организации, институции, претпријатија, поединци кои дале придонес во областа на крводарителството, а кои не се спомнати во ова дело, чувствуваме потреба да се извиниме. Но, им порачуваме да не се чуствуваат навредени и заборавени затоа што нивните дела никогаш и неможат да бидат заборавени.

До колку сакаме да бидеме барем малку успешни и задоволни во нашата поставена цел неопходно е потребен мал осврт врз развојот на Трансфузиолошката служба и Крводарителството во Република Македонија, како и за местото и улогата на Црвениот крст на Република Македонија и Општинската организација на Црвен крст – Штип, во крводараритетелството и постигнатите резултати прикажани преку бројки.

Проф. д-р Никола Камчев
Асс. д-р Гордана Камчева



Д-р Никола Камчев

Проф. Д-р Никола Камчев, роден е 1948 година во Штип, Република Македонија. Медицински факултет завршува 1973 година во Скопје, а 1980 година ги завршува специјалистичките студии по Трансфузиологија во Скопје. Во 1973 година се вработува како доктор по општа медицина, а 1980 работи како специјалист трансфузиолог, раководител во РЕ Трансфузиологија, при Медицински центар-Штип. Во 1985 година е избран за Генерален директор на Медицински центар–Штип. Звањето Примариус му е доделено 1991 година. На 13 Јануар 1999 година одбранил докторска дисертација под наслов „Трансфузиолошки детерминантни и односи на ХЦВ инфекцијата кај приматели на крв, крвни компоненти и крвни деривати" и се здобивл со титула доктор по медицински науки. Во 2007 е именуван за директор на новоотворената Висока здравствена школа при Универзитетот „Гоце Делчев„ во Штип. Во 2008 година е избран за декан на Факултетот за медицински науки. Во 2012 година е избран за редовен професор на Факултетот за медицински науки.

Објавил повеќе од 200 стручни и научни трудови во земјата и странство. Автор на следните учебни помагала и монографии: "Трансфузиски трансмисивни заболувања", 2001 година, "Трансфузиолошки аспекти на Хепатитис Ц вирусна инфекција", 2002 година, "Прирачник за едукација на мотиватори во крводарителството", 2006 година. Коавтор е на "Најчести инфективни заболувања во Република Македонија", 2007 година.

Носител на многу високи признанија од Сојузот на здруженијата на лекарите на Македонија, Црвениот крст на Република Македонија, а во 1986 година за значаен развој на трансфузиолошката служба во општина Штип му е доделена највисоката општинска награда „8-мо Ноемвриска награда„

Д-р Гордана Камчева



Асс. д-р Гордана Камчева е родена во Штип, 1983 година. Гимназија завршува во Штип, каде што и денес живее. Дипломира на Медицинскиот факултет во Скопје во 2007 година. Во 2008 година се вработува како помлад асистент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип. Магистерски студии од областа на кардиологија завршува во 2011 година во Скопје, кога е избрана и за асистент на Факултетот за медицински науки во Штип. Специјализацијата по специјалноста Интерна медицина ја завршува во 2012 година во Скопје. Докторант од 2012 година. Член е на Македонското здружение на лекари на Македонија, на Лекарката комора на Македонија, Македонското кардиолошко здружение и на Здружението на интернисти на Република Македонија. Член е и во редакцијата на "Медикус"- информативен гласник на Јавното здравство во Штип. Објавила повеќе од 31 стручни и научни трудови во земјата и странство. Стручно доусовршување поминала во Клиниката за кардиологија во Нирнберг, Германија и Виена, Австрија.